**20212373852**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 24 став (7) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/13, 43/14, 153/15, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за раководителот на субјект во кој се врши финансиска инспекција е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 22-6683/3
12 октомври 2021 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Фатмир Бесими,** с.р.

**Прилог**

______________________________________
(Назив на органот)
Број____________________
Датум:____________________ год.

Врз основа на член 24 ставови (2) и (3) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.82/13, 43/14, 153/15, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21), финансискиот инспектор издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
(за раководител на субјект во кој се врши финансиска инспекција)

1. Податоци за раководител на субјектот во кој се врши финансиска инспекција

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | |
| Единствен матичен број: | |
| Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа: | |
| Адреса на живеалиште/привремен престој: | |

2. Податоци за субјектот во кој се врши финансиска инспекција

| | |
|---|---|
| Назив: | |
| Седиште: | |
| Единствен даночен број (ЕДБ): | |

3. Податоци за сторениот прекршок

| | | |
|---|---|---|
| Датум: | Место на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот: | | |
| Правна квалификација на прекршокот: | | |
| Износ на глоба: | ЕУР во денарска противвредност | |
| Записник за сторен прекршок: | Бр. | Датум: |
| Сметка за плаќање на глоба: | Плаќањето се врши на образец ПП 50 на трезорска сметка 100000000063095 - Народна банка на РСМ, на оперативна уплатна сметка 840-ххх-05509, приходна шифра 722153 и програма 00, со цел на дознака-уплата на глоба. | |

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до финансискиот инспектор кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, финансискиот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

| Сторител на прекршокот | | Финансиски инспектор |
|---|---|---|
| ____________________ | М.П. | ____________________ |
| * име, презиме и своерачен потпис | | * име, презиме и своерачен потпис |